Бр. 09-1667/3
16-08-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26, член 38 став 3 и став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и првата седница одржана на 12 август 2019 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за судир на интереси 09-1667/1 од 19.03.2019 година доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-1667/1 од 19.03.2019 година, бидејќи во истата нема доволно податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси.

Предметот со број 09-1667/1 од 19.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1667/1 од 19.03.2019 година е оформен врз основа доставена пријава по електронска пошта во која е наведено дека во еден град во Република Северна Македонија раководните лица на една партија ги вработуваат свои блиски лица. Во наведената пријава нема наведено за кои лица се работи, со таа цел Државната комисија за спречување на корупцијата со допис бр. 09-1667/2 од 02.04.2019 година бараше допрецизирање на пријавата за тоа за кои функционери конкретно се работи, во која роднинска врска се наведените блиски лица со именуваните функционери и во кои институции се вработени. Пријавителот не ги достави бараните податоци во зададениот рок.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, констатира дека во истата нема доволно податоци и елементи за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk